**20241712970**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 август 2024 година.

Бр. 08-4033/1
13 август 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

Член 1

Во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 11/23 и 73/24) во член 2 во точката 7-а, по зборовите: „магистрални гасоводи“ се додаваат зборовите: „градби за потребите на одбраната и безбедноста,“.

Член 2

Во член 6 во ставот (4) зборовите на крајот на реченицата „„за чиешто усогласување со урбанистичките планови служат изводот од урбанистички план и потврдата за урбанистичка усогласеност“ се бришат.

Член 3

Членот 45 се менува и гласи:

„(1) Изборот на изработувачот на урбанистичките планови и урбанистичките проекти, односно вршителот на работите од урбанистичкото планирање, се врши на три начина:

1. Изборот е уреден со одредбите на овој закон;

2. Изборот се врши врз основа на јавен оглас согласно со Законот за јавните набавки и

3. Изборот го вршат заинтересираните правни и физички лица што го иницирале и го финансираат изработувањето на планот.

(2) Изборот на вршителот на работите од урбанистичкото планирање за работите што ги вршат Агенцијата за планирање на просторот и Јавната установа за урбанизам, се уредени со овој закон, а поточно се уредуваат во актите за нивното основање.

(3) Изборот на вршителот за работи од урбанистичкото планирање што ги вршат правни лица со лиценца за изработување на урбанистички планови, за планови и проекти финансирани со средства од буџетот на општината, општината на Градот Скопје и Градот Скопје се спроведуваат на начин и постапка согласно со Законот за јавните набавки.

(4) Изборот на вршителот за работи од урбанистичкото планирање што ги вршат правни лица со лиценца за изработување на урбанистички планови, за планови и проекти финансирани со средства од страна на заинтересирани правни и физички лица од членот 40 од овој закон и за урбанистичките планови за подрачја и градби од државно значење за кои не е поднесена иницијативата од членот 39 од овој закон се врши од страна на заинтересираните лица.

(5) Изборот на вршителот за работи од урбанистичкото планирање врз основа на јавниот оглас, го врши комисија за јавна набавка на услуги за изработување на урбанистички планови и урбанистички проекти од ставот (3) на овој член, која е составена од најмалку три члена, од кои најмалку еден е стручно лице архитект-урбанист.

(6) На јавниот оглас од ставот (1) точка 2 на овој член може да се пријават правни лица со лиценца за вршење на работите од урбанистичкото планирање согласно со овој закон.

(7) Јавниот оглас се објавува согласно со Законот за јавните набавки, а на веб-страницата на општината се објавува известување за објавениот јавен оглас.

(8) Јавниот оглас од ставот (1) точка 2 на овој член за постапката за јавна набавка на услуги за изработување на урбанистички планови и урбанистички проекти содржи тендерска документација со:

1. потребни податоци за планскиот, односно проектниот опфат;
2. период за изработување на урбанистичкиот план и урбанистичкиот проект;
3. потребна документација за докажување и исполнување на критериумите од ставот (9) на овој член што треба да се достави;
4. рок и начин за доставување на понудата и
5. датум, време и место на отворање на понудите.

(9) При избор на изработувачот на урбанистичките планови и урбанистичките проекти, задолжително се утврдува економската и финансиската состојба и техничката и професионалната способност.

(10) Вредноста на работите од урбанистичкото планирање се утврдува согласно со тарифникот за урбанистичко планирање од членот 81 од овој закон и не се користи електронска аукција за постапката за јавна набавка на услуги за изработување на урбанистички планови и урбанистички проекти согласно со Законот за јавните набавки.

(11) За особено сложени и значајни подрачја и градби, изборот на изработувачот на урбанистичкиот план и урбанистичкиот проект треба да се изврши по пат на распишување на јавен оглас за конкурс за избор на идејно урбанистичко-архитектонско решение согласно со Законот за јавните набавки, при што потребата за урбанистичко-архитектонски конкурс може да биде утврден и со план од повисоко ниво на планирање. Авторот на највисокото рангирано решение станува изработувач на планот, доколку ги исполнува и другите општи услови за вршење на работи на изработување на урбанистички планови пропишани со овој закон.

(12) Предмет на јавен оглас за конкурс за избор на идејно урбанистичко-архитектонско решение може да биде изнаоѓање на најдобро урбанистичко решение за зафатот, без обврска за избор на изработувач на планот и изработка на планот и треба да биде наведено уште во одлуката за распишување на конкурсот.

(13) Начинот на подготовка и елементите кои ги содржи јавниот конкурс за идејно урбанистичко-архитектонско решение ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.".

Член 4

Во член 49 во ставот (4) по зборовите: „преку информацискиот систем е-урбанизам" се додаваат зборовите: „во делот за огласи".

Член 5

Во член 50 во ставот (3) по зборовите: „преку информацискиот систем е-урбанизам" се додаваат зборовите: „во делот за огласи".

Ставот (11) се менува и гласи:

„Доколку комисијата од ставот (7) на овој член, оцени дека не се во целост почитувани роковите утврдени во овој член или предлогот на планот како последица од прифатените забелешки од јавната анкета претрпел значајни промени (промена на границата на урбанистичкиот опфат, промена на регулациона линија и промена на намената на земјиштето и друго), е должна планот да го врати на повторен увид на јавноста и повторно се спроведува јавна презентација и јавна анкета. Повторената јавна анкета и јавна презентација трае најмалку 10 работни дена и се спроведува по истата постапка.".

Член 6

Во членот 51 ставовите (6), (7) и (8) се бришат.

Член 7

Во член 56 во ставот (3) зборовите: „„кој мора да добие потврда за урбанистичка усогласеност согласно со овој закон.".

Член 8

Во член 58 во ставот (2) точката 3. се менува и гласи:

„Урбанистички проект за градежно земјиште, со кој се врши урбанистичко-архитектонска, градежна или техничко-технолошка, планско-проектна разработка на градежни парцели или на катастарски парцели што ги исполнуваат условите и стандардите за формирање градежна парцела за:

- соодветните стопански и индустриски намени што со генерален урбанистички план се наменети за изградба на стопански, индустриски, енергетски и други техничко-технолошки и специјални намени;

- сите видови намени од групата на класи на намена што со генерален урбанистички план се наменети за образование и наука и сите видови намени од групата на класи на намена здравствена и социјална заштита, кои ќе се запишат во идна целосна сопственост на Република Северна Македонија или во сопственост на единиците на локалната самоуправа и во чијашто изградба ќе се користат средства од Буџетот на Република Северна Македонија или од буџетот на единиците на локалната самоуправа;".

Во точката 4. Точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и да се реализираат катни гаражи кои не е донесен детален урбанистички план ."

Член 9

Во член 60 став (2) алинејата 2 се менува и гласи:

„- идеен проект од архитектонската струка за згради, односно идеен проект од градежната или другите соодветни технички струки за инфраструктури, во зависност од природата на градбите и предметното барање уредено со проектната програма за кои градби се изработува урбанистичкиот проект.".

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По исклучок од ставот (2) алинеја 2 на овој член, урбанистичкиот проект со план за парцелација од членот 63 од овој закон не содржи идеен проект.“.

Член 10

Во член 63 ставот (9) се менува и гласи:

„Постапката за одобрување на урбанистичкиот проект ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, по извршена стручна расправа.“.

Член 11

Во глава 5. зборовите: „Потврда за урбанистичка усогласеност“ се заменуваат со зборовите: „Спроведување и реализација на урбанистички планови“

Член 12

Во член 64 во ставот (1) точката 2. се брише.

Ставовите (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10) и (11) се бришат.

Член 13

Во членот 68 став (2) во точката 2 зборот „пет“ се заменува со зборовите: „три лица,“.

Во ставот (4) зборовите: „извод од регистарот“ се заменуваат со зборовите: „потврда дека е запишан во регистарот на правни лица кои ги исполнуваат условите за вршење на стручна ревизија“.

Ставот (10) се менува и гласи:

„Формата и содржината на барањето за издавање на лиценца од ставот (2) на овој член, формата и содржината на барањето за издавање на потврда од ставот (4) на овој член, формата и содржината на барањето за издавање на овластување од членот 67 став (2) од овој закон и потребната документација ги пропишува министерот кој раководи со органот на државнаta управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.“.

Член 14

Во член 84 во ставот (3) точката 10. се брише.

Член 15

Во член 89 во ставот (1) точката 9. се брише.

Член 16

Во членот 86 во ставот (1) запирката и зборовите:„ како и постапката за издавање на потврда за урбанистичка усогласеност од членот 64 од овој закон“ се бришат.

Член 17

Во член 93 во ставот (1) зборовите: „и ќе бидат завршени во рок од четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон“ се бришат.

Ставот (2) се брише.

Член 18

Членот 105 се брише.

Член 19

Членот 107 се брише.

Член 20

Прописот од членот 63 став (9) ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 21

Овој закон влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".